РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1361/7
22-07-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1361/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1361/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1361/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ________________ по избор на функцијата член на совет на Општина ___________________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека __________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата член на совет на Општина ________________ не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапила спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1361/3 од 26.05.2026 година.

После поднесен приговор од страна на лицето ________________ во врска по постапувањето за овој предмет и повторна проверка во Административната алатка на ДКСК на поднесени изјави за имотна состојба и интереси, ДКСК утврди дека лицето ја исполнило законската обврска поради што Записникот за констатиран прекршок со бр.08-1361/2 од 26.05.2026 година и издадениот Прекршочен платен налог со бр.08-1361/3 од 26.05.2026 година се повлекуваат и нема да произведуваат правно дејство. Во врска со истото, ДКСК ќе го извести лицето _________________ за констатираната состојба.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. член